20262123331

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2026 година.

Бр. 08-5481/1
3 септември 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/2007, 5/2009, 43/14, 193/15, 39/16 и 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19 и 134/26), членот 11 се менува и гласи:

„Со Агенцијата раководи директор.

Директорот на агенцијата има заменик.

Директорот и заменик-директорот на Агенцијата ги именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија.

За именување на директор и заменик-директор се спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.

За директор или заменик-директор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување утврдени во Законот за високи раководители.

Мандатот на директорот и на заменик-директорот трае пет години.“.

Член 2

Членот 15 се менува и гласи:

„(1) На директорот и на заменик-директорот на Агенцијата мандатот им престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот им престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, директорот и заменик-директорот на Агенцијата можат да бидат разрешени и ако постапуваат спротивно на прописите, правилата или обврските од правото на Европската Унија кои се применуваат во работењето на Агенцијата.“.

Член 3

Директорот и заменик-директорот именувани до денот на започнувањето со примената на овој закон продолжуваат да ја вршат функцијата до истекот на мандатот за кои се именувани.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.